ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ КОНТРОЛА

## 1.ВОВЕД

Контролата во здравствените установи се спроведува во согласност со членот 54, точка 12 и 13 и член 71 од Законот за здравствено осигурување како и правилникот за овластување на овластените лица за контрола на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, етичкиот кодекс на однесување на овластените лица за контрола на ФЗОМ како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање на здравствените услуги во примарна, специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Функцијата на Секторот контрола како и опфат на активности е вршење на контрола при тоа контролирајќи го остварувањето на правата и обезбедувањето на здравствените услуги произлезени од законот за здравствено осигурување и законот за здравствена заштита како и почитување на здравствените законски и под законски акти кои исто така произлегуваат од договорот со Фондот.

## 2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА СЕКТОРОТ КОНТРОЛА

Секторот контрола е составен од три одделенија за контрола и тоа:

- ***Одделение за контрола***

Оддел за контрола во примарна здравствена заштита
Оддел за контрола во специјалистичко-консултативна здравствена заштита
Оддел за контрола во болничка здравствена заштита

- ***Одделение за мобилна и дежурна контрола***

- ***Одделение за внатрешна контрола***

## 3. ВИДОВИ И ТИПОВИ НА КОНТРОЛА ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ

Секторот контрола во своите надлежности извршува контролни активности од аспект на видот и типот на контрола која се извршува во здравствените установи постојат повеќе видови и типови на контрола и тоа:

- редовни контроли на здравствените установи,
- контроли со посебна намена.

Редовните контроли опфаќаат:

- Контрола на цели
- Општа контрола или контрола на договорните обврски
- Контроли по претставки од осигуреници
- Контроли на боледувања
- Контрола на работењето на здравствените установи

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 4. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ КОНТРОЛА

**Табела 1: Активности на сектор контрола за периодот од 01.01. до 30.06.2013 година**

| | Број на извршени контроли | со уредна констатација | со неуредна констатација |
|---|---|---|---|
| **Контроли во примарна ЗЗ** | **23** | **10** | **13** |
| **Контроли во спец. ЗЗ** | **15** | **4** | **11** |
| **ВКУПНО** | **38** | **14** | **24** |

**Табела 2: Активности на Сектор контрола – Распределба на контроли и неправилности во СКЗЗ меѓу ПЗУ и ЈЗУ**

| | Број на извршени контроли | со уредна констатација | со неуредна констатација |
|---|---|---|---|
| **Контроли во специјалистичка ЗЗ** | **15** | **4** | **11** |
| во ПЗУ | 7 | 2 | 5 |
| во ЈЗУ | 7 | 1 | 6 |
| Во Ортопедски куќи | 1 | 1 | 0 |

Во периодот од 01.01.2013 до 30.06.2013 Секторот за контрола во делот на примарната и специјалистичко консултативната здравствена заштита има извршено вкупно 38 контроли и 140 наменски контроли за Е -упатување и Е -рецепт.
При контролите извршени од одделот за контрола на СКЗЗ, кај 11 од контролираните субјекти има утврдени неправилности, а без неправилности се 4 од контролираните субјекти.

Одделот за примарна здравствена заштита (ПЗЗ) извршил 23 контроли од кои 10 се поради претставка од трето лице, 7 поради контрола на ИЛ-1 образец, 3 поради приговор доставен од страна на ПЗУ, додека 3 се во рамките на редовните контроли во ПЗЗ.(табела 3)

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Табела 3: Приказ на распределбата на контролите во примарна ЗЗ по основ (Сектор контрола)**

| Основ за контрола во примарна здравствена заштита | Број на контроли |
|---|---|
| **Контроли во ПЗЗ по претставка** | **10** |
| **Редовни контроли во ПЗЗ** | **3** |
| **Контрола на ИЛ-1 образци** | **7** |
| **Контроли по приговор од ПЗЗ** | **3** |

Одделот за специјалистичко консултативна здравствена заштита (СКЗЗ) извршил 15 контроли од кои дури 11 се поради претставка од трето лице, додека останатите основи вкупно претставуваат 4 од контролите на одделот. (табела 4)

**Табела 4: Приказ на распределбата на контролите во специјалистичко консултативна ЗЗ по основ**

| Основ за контрола во специјалистичко консултативна здравствена заштита | Број на контроли |
|---|---|
| Контроли во СКЗЗ по претставка на трето лице | 11 |
| Контроли во СКЗЗ по барање на Директор на сектор | 1 |
| Контроли во СКЗЗ по барање на подрачна служба | 2 |
| Контроли во СКЗЗ по барање на Сектор фармација | 1 |
| **В К У П Н О** | **15** |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Во периодот од 01.01. до 30.06.2013 година од страна на овластените лица за контрола од Подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување на Македонија извршени се вкупно 3411 контроли, од кои 3079 контроли на здравствени установи од примарна здравствена заштита и 297 контроли на здравствени установи од специјалистичко консултативна здравствена заштита.**

**Табела 5: Приказ на контролите во примарна ЗЗ (Подрачни служби)**

| ред. број | ПС | Редовни контроли | Контрола по претставка | Контрола на цели | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 11 | / | 27 | 38 |
| 2 | Битола | 45 | 4 | 184 | 233 |
| 3 | Брод | 13 | 9 | 12 | 34 |
| 4 | Валандово | 15 | / | 14 | 29 |
| 5 | Виница | 28 | / | 28 | 56 |
| 6 | Гевгелија | 99 | 4 | 40 | 143 |
| 7 | Гостивар | 24 | 1 | 120 | 145 |
| 8 | Дебар | 40 | / | 24 | 64 |
| 9 | Делчево | 22 | / | 36 | 58 |
| 10 | Демир Хисар | / | / | 8 | 8 |
| 11 | Кавадарци | 18 | 1 | 66 | 85 |
| 12 | Кичево | 35 | 2 | 58 | 95 |
| 13 | Кочани | 45 | 5 | 62 | 112 |
| 14 | Кратово | 5 | / | 10 | 15 |
| 15 | Крива Паланка | 14 | / | 24 | 38 |
| 16 | Крушево | 15 | / | 10 | 25 |
| 17 | Куманово | 5 | 1 | 69 | 75 |
| 18 | Неготино | 4 | / | 27 | 31 |
| 19 | Охрид | 4 | 2 | 106 | 112 |
| 20 | Прилеп | / | 1 | 162 | 163 |
| 21 | Пробиштип | 12 | / | 23 | 35 |
| 22 | Радовиш | 12 | 2 | 32 | 46 |
| 23 | Ресен | 30 | / | 27 | 57 |
| 24 | Свети Николе | 50 | / | / | 50 |
| 25 | Скопје | 1 | 7 | 717 | 725 |
| 26 | Струга | 27 | / | 60 | 87 |
| 27 | Струмица | 25 | 4 | 139 | 168 |
| 28 | Тетово | / | / | 162 | 162 |
| 29 | Велес | 2 | / | 60 | 62 |
| 30 | Штип | 54 | 2 | 72 | 128 |
| | **ВКУПНО:** | **655** | **45** | **2379** | **3079** |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Табела 6: Приказ на контролите во специјалистичко консултативна здравствена заштита (Подрачни служби)**

| ред.бр. | ПС | Редовни контроли | Контрола по претставка/Друг основ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 4 | 0 | 4 |
| 2 | Битола | 23 | 1 | 24 |
| 3 | Брод | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Валандово | 1 | 0 | 1 |
| 5 | Виница | 8 | 0 | 8 |
| 6 | Гевгелија | 17 | 0 | 17 |
| 7 | Гостивар | 8 | 0 | 8 |
| 8 | Дебар | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Делчево | 1 | 0 | 1 |
| 10 | Демир Хисар | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Кавадарци | 8 | 0 | 8 |
| 12 | Кичево | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Кочани | 14 | 0 | 14 |
| 14 | Кратово | 1 | 0 | 1 |
| 15 | Крива Паланка | 8 | 0 | 8 |
| 16 | Крушево | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Куманово | 48 | 0 | 48 |
| 18 | Неготино | 2 | 0 | 2 |
| 19 | Охрид | 5 | 1 | 6 |
| 20 | Прилеп | 4 | 2 | 6 |
| 21 | Пробиштип | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Радовиш | 8 | 0 | 8 |
| 23 | Ресен | 2 | 0 | 2 |
| 24 | Свети Николе | 1 | 0 | 1 |
| 25 | Скопје | 0 | 52 | 52 |
| 26 | Струга | 3 | 0 | 3 |
| 27 | Струмица | 13 | 0 | 13 |
| 28 | Тетово | 38 | 0 | 38 |
| 29 | Велес | 14 | 0 | 14 |
| 30 | Штип | 8 | 2 | 10 |
| | **ВКУПНО** | **268** | **58** | **297** |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 5. КОНСТАТИРАНИ НЕПРАВИЛНОСТИ ПО ОДДЕЛИ

**КОНТРОЛИ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – најчесто констатирани неправилности**

- Неуредно водење на медицинска евиденција (здравствен картон, амбулантски дневник и компјутерска евиденција),
- Некомплетна задолжителна и/или ургентна ампуларна терапија и боца за кислород,
- Наплата на осигурените лица партиципација спротивно Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите,
- Наплатување на дополнителни средства од осигурените лица,
- Неправилност во врска со изборот на матичен лекар,
- Здравствената установа не обезбедува континуирана здравствена заштита, односно избраниот лекар работи во иста смена со неговата замена,
- Пружање и наплата на здравствени услуги од страна на доктор специјалист во просториите на ПЗУ од примарна здравствена заштита,
- Користење на факсимил на лекар кој има Договор со ФЗОМ од страна на неовластено лице.

**КОНТРОЛИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – најчесто констатирани неправилности**

- Неуредно водење на медицинска евиденција (здравствен картон, амбулантски дневник и компјутерска евиденција);
- Наплата на осигурените лица партиципација спротивно Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите, односно наплатување на дополнителни средства на осигурените лица;
- Непочитување на Упатството за фактурирање на здравствени услуги (несоодветен избор на пакет);
- Злоупотреба на факсимил.
- Непочитување на одредбата од Договорот;
- Пропишување на потврда за ортопедско и друго помагало која не е во согласност на одредбите од Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски помагала.

## 6.ОДДЕЛ ЗА КОНТРОЛА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ОД БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Одделот за болничка здравствена заштита (БЗЗ) изврши вкупно 35 контроли во период од 01.01.2013 до 30.06.2013 година. Распределбата на извршените контроли е прикажана во следниве табеларни прикази (табела 7, 8, 9 и 10).

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Табела 7- Приказ на контролите во болнички установи од болничка здравствена заштита – Сектор за контрола, централна служба на ФЗОМ, во јавни и приватни здравствени установи**

| Тип на здравствена установа | Број на контроли |
|---|---|
| ЈЗУ Универзитетски клиники | 23 |
| ЈЗУ Клинички болници | / |
| ЈЗУ Општи болници | 4 |
| ЈЗУ Специјални болници | / |
| ПЗУ Специјални болници | 7 |
| ВКУПНО | 35 |

**Табела 8- Приказ на контролите во болнички установи од болничка здравствена заштита – Сектор за контрола, централна служба на ФЗОМ, во јавни и приватни здравствени установи**

| Основ за контрола на болничка здравствена заштита | Број на контроли | Застапеност во % во однос на вкупен број |
|---|---|---|
| ДСГ контроли | / | / |
| Контроли за вид и обем на здравствени услуги | 15 | 42,9% |
| Контроли по претставки | 20 | 57,1% |
| ВКУПНО | 35 | 100% |

**Табела бр.9 Распределба на извршените контроли на одделот за контрола на установите од болничка здравствена заштита**

| Контроли во болничка здравствена заштита | | | |
|---|---|---|---|
| Основ за контрола во болничка здравствена заштита | Број на извршени контроли | Со уредна констатација | Со констатирани неправилности |
| Контроли за вид и обем на здравствени услуги | 15 | 13 | 2 |
| Контроли по претставки | 20 | 12 | 8 |
| ВКУПНО | 35 | 25 | 10 |

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk



- претставки од осигуреници со барање за рефундација на погрешно наплатена партиципација во Јавна здравствена установа добиена со погрешно ДСГ кодирање.
- Наплатена услуга која не е во склоп на ДСГ методологијата за кодирање и истата е наплатена приватно.
- Контроли по вид и обем на здравствени услуги со неисполнет договорен план за вид и обем.
- Наплата на издавање на медицинска документација( конзилијарно мислење)
- Погрешно кодирање на осигуреник со двојно наплаќање, односно наплатена здравствена услуга приватно, но и партиципација според ДСГ фактура.

Еден по поголемите проекти во изминатите шест месеци е соработката со Министерството за здравство како и заеднички направените контроли, кои дел од нив се наменски контроли во ГОБ „8-ми Септември“ со цел контрола на успешност на проектот наплаќање по учинок на лекарите специјалисти во јавно здравство, споредување и поврзување на соодветни процедури од ДСГ системот со американски процедури односно CPT кодови.

## 7. ИНТЕРОДДЕЛЕНСКИ АКТИВНОСТИ – НАМЕНСКИ КОНТРОЛИ

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот или по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, заради ефикасно остварување на политиките на Фондот и како такви не се дел од Годишниот план за контроли. Наменските контроли се вршат заради следење на:

- наменското контролирање во одредени сегменти
- контролирање на одредена материја
- спецификата во обезбедувањето на здравствените услуги

### 7.1 Наменски контроли за имплементирање на Е-рецепт и Е-термин

Во вториот квартал од 2013 година на територијата на подрачна служба Струмица и Скопје од страна на овластените лица за контрола од сите одделенија во секторот контрола спроведени се целни контроли за имплементирање на електронскиот рецепт и електронското закажување.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 8. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОБИЛНА И ДЕЖУРНА КОНТРОЛА

Одделението за мобилна и дежурна контрола врши контроли по укажувања, сознанија и информации за неправилности во работењето на здравствената установа и по претставка на осигурени лица, како и контроли на постапката за издавање на извештај за привремена спреченост за работа кај избраните лекари, лекарските комисии на Фондот и во здравствените установи кај специјалистите кои издавале мислење за боледување.
Исто така, одделението ја следи работата на лекарските комисии на Фондот по доставени квартални податоци за разгледани предмети за давање на мислење во врска со остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување.

Извршени се вкупно 90 контроли за периодот јануари - јуни 2013, и тоа:

1. 53 контроли на постапката за издавање на извештај за привремена спреченост за работа (боледувања);
2. 22 мобилни контроли во здравствени установи по претставка на осигуреници и сознанија за неправилности во работењето;
3. 3 контроли во ЈЗУ универзитетски клиники во врска со рефундација на медицински потрошен материјал

### 1. Контроли на боледувања

Извршени се вкупно 53 контроли на боледувања, од кои 41 контроли во здравствени установи и 12 контроли во лекарските комисии на Фондот.

Контроли на боледувања во здравствени установи:

- 28 контроли кај избраниот лекар во ординациите од примарна здравствена заштита (општа медицина, гинекологија и педијатрија);
- 13 контроли во специјалистичко консултативни и болнички јавни здравствени установи.

При извршените контроли констатирани се неправилности во евиденцијата во медицинската документација и запазување на дијагностичкиот минимум и апсолутната спреченост за работа согласно Критериумите за дијагностички постапки и оцена на привремена спреченост за работа, и тоа :

- во 9 случаи на контрола на боледувања не е уредно водена евиденцијата во медицинската документација;

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- во 4 случаи на контрола на боледувања во ПЗУ кај избраните лекари не се исполнети Критериумите за дијагностички постапки согласно Правилникот и Критериумите за привремена спреченост за работа;

- во 1 случај на контрола на боледувања во ПЗУ кај избраните лекари не е запазена временската рамка согласно Правилникот и Критериумите за привремена спреченост за работа;

- во 3 случаи на контрола на боледувања во ЈЗУ кај лекарите специјалисти не се исполнети дијагностичките постапки согласно Правилникот и Критериумите за привремена спреченост за работа.

Записниците/извештаите од извршените контроли кај кои се утврдени неправилности доставени се до Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорни казни и по истите е постапено, односно на здравствените установи им се изречени договорни казни.
Од страна на Комисија за оценување на услови за изрекување на договорни казни изречени се договорни казни до 31.05.2013 согласно прекршување на договорните одредби за 6 ПЗУ и 2 ЈЗУ, и тоа:

- 3 договорни казни во износ од половина капитација,
- 3 договорни казни во износ од четвртина капитација и
- 2 договорни казни со фиксен износ од 75.000,00 денари (договорни казни за ЈЗУ).

Табеларен приказ

| | Јануари-јуни 2013 |
|---|---|
| Вкупно извршени контроли | 53 |
| ретроградно издадени боледувања | / |
| Не бил исполнет критериумот за дијагностички постапки согласно Правилникот и Критериумите | 8 |
| Не била запазена временската рамка согласно Правилникот и Критериумите | 1 |
| Евиденцијата на издадените боледува е водена уредно | 31 |
| Евиденцијата на издадените боледува не е водена уредно | 9 |

**Контроли на боледувања во лекарските комисии на Фондот:**

Извршени се 12 контроли во лекарските комисии на Фондот при што се констатирани неправилности во 5 случаи и тоа:

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- во 1 случај на боледување не е уредно водена евиденцијата во медицинската документација;
- во 1 случај на контрола на боледувања не бил исполнет критериумот за дијагностички постапки согласно Правилникот и Критериумите;
- во 3 случај на контрола на боледувања не била запазена временската рамка согласно Правилникот и Критериумите.

Табеларен приказ

| | Јануари-јуни 2013 |
|---|---|
| Вкупно извршени контроли | 12 |
| Евиденцијата на издадените боледува не е водена уредно | 1 |
| Не бил исполнет критериумот за дијагностички постапки согласно Правилникот и Критериумите | 1 |
| Не била запазена временската рамка согласно Правилникот и Критериумите | **3** |

**2. Мобилни контроли во здравствени установи**

За периодот јануари – јули 2013 година извршени се вкупно 22 мобилни контроли по претставки од осигуреници и сознанија за неправилности во работењето на здравствените установи и тоа:

- 8 контроли во ПЗУ - ординации од општа медицина,
- 12 контроли во ПЗУ - ординации по гинекологија и акушерство
- 1 контрола во ПЗУ - ординација по општа стоматологија
- 1 контрола во специјалистичка ординација по ОРЛ.

При извршените контроли констатирани се неправилности во работењето на **15** здравствени установи и тоа:

- во 7 случаи во здравствената установа при давањето на здравствени услуги на осигуреникот наплатени се дополнителни средства, спротивно на одредбите од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;
- во 2 случаи здравствената установа не поседува комплетна терапија за ургентни состојби;

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- во 2 случаи здравствената установа не води уредна евиденција на медицинската документација согласно законските прописи, подзаконските акти на Фондот и одредбите на договорот со ФЗОМ;
- во 1 случај во здравствената установа ординира лекарски тим спротивно договорните обврски со ФЗОМ, за што не е известен ФЗОМ;
- во 1 случај здравствената установа е затворена во пропишаното работно време;
- во 1 случај лекарот од тимот според договорот со ФЗОМ не е присутен на работното место и користејќи го краткотрајното отсуство постапил спротивно Законот за работни односи;
- во 1 случај здравствената установа односно избраниот лекар не го испочитувал режимот на пропишување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот.

Записниците/извештаите од извршените контроли кај кои се утврдени неправилности доставени се до Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорни казни и по истите е постапено, односно на здравствените установи им се изречени договорни казни:

Од страна на Комисија за оценување на услови за изрекување на договорни казни изречени се договорни казни согласно прекршување на договорните одредби за 7 здравствени установи, и тоа:

- 4 договорни казни во износ од половина капитација,
- 2 договорни казни во износ од четвртина капитација и
- 1 договорна казна – раскинување на договор со здравствената установа.

**3. Контроли во ЈЗУ универзитетски клиники во врска со рефундација на медицински потрошен материјал**

Извршени се 3 контроли во ЈЗУ универзитетски клиники за контрола на медицински потрошен материјал употребен при пружена здравствена услуга, а набавен со сопствени средства од осигурениците.

Контролите се извршени по барање на подрачните служби, а во врска со рефундација на медицински потрошен материјал.
При контролите е констатирано дека медицинскиот потрошен материјал за кој е поднесено барањето за рефундација е набавен со сопствени средства од осигурените лица и истиот е употребен во болнички услови при пружањето на здравствената услуга.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**II. Извештај за работата на лекарските комисии на Фондот по доставени квартални податоци**

1. За периодот јануари - јуни 2013 година од страна на лекарските комисии на ФЗОМ разгледани се вкупно 41.444 предмети за давање на мислење во врска со остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување од кои одобрени се 35.084 барања, а 6360 се одбиени барања.
   Од нив разгледани се вкупно 2600 барања за рехабилитации, од кои се одобрени се 2409, а одбиени 191. Исто така разгледани се и 8212 барања за ортопедски помагала од кои 7974 се одобрени а 238 се одбиени.

2. Најчести дијагнози за кои се издаваат боледувањата се:

- Други заболувања на интравертебрален диск (M51). Група XIII Болести на на мускуло- скелетниот систем и на сврзното ткиво (M00-M99)
- Малигна неоплазма на дојка ( C50 ). Група II Неоплазми ( C.00-D.48)
- Крварење во рана бременост (O20).Група XV- Бременост,раѓање и пуерпериум (O00-O99)
- Фрактура на подколеница, вклучувајќи го и глуждот ( S82). Група XIX Повреда, Труење и други одредени последици од надворешни фактори ( S.00-T.98)
- Дорзалгија (M54). Група XIII Болести на на мускуло- скелетниот систем и на сврзното ткиво (M00-M99)
- Коксиатроза, Артоза на колк (M16). Група XIII Болести на на мускуло- скелетниот систем и на сврзното ткиво (M00-M99)
- Акутен миокарден инфаркт (I21). Група IX Болести на циркулаторниот систем (I00-I99).

## 9. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

Одделението за внатрешна контрола има задача да врши контрола на работењето на Подрачните служби на Фондот согласно законските прописи, подзаконските акти и пропишаните интерни процедури на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како и давање препораки за корегирање и подобрување на одделни сегменти од работата на ФЗОМ.

Од страна на одделението се вршат следните видови контроли:

- Контрола на севкупното работење на подрачната служба
- Контрола на одделни сегменти од работата на подрачна служба
- Контроли по барање на Директор, раководители на ПС и на останати сектори од ФЗОМ
- Контроли по претставки на осигуреници, ПЗУ и сл. (УПП)
- Заеднички контроли со други одделенија при Сектор контрола
  ( ПЗЗ, Специјалистичка и сл.)

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Контролите на севкупното работење на Подрачните служби се извршуваат согласно со годишниот план за контрола додека останатите видови контроли се извршуваат по потреба.

Контролата на севкупното работење на подрачните служби се врши за период од претходната и тековната календарска година и опфаќа: контрола на водење на деловните книги – архива, контрола на почитување на работното време, увид во планот за контрола, контрола на издадени ортопедски помагала, контрола на остварување на правото на медицинска рехабилитација, контрола на остварување на правото на надомест на плата за време на привремена спреченост за работа, контрола на утврдување на својство на осигурено лице во ПС, контрола на надомест на трошоци за набавени лекови, вградени медицински материјали и ортопедски помагала, извршени здравствени услуги во јавно здравство, приватно здравство, за време на привремен престој надвор од земјата и лекување во странство, контрола на приемот и обработката на фактурите и други документи од здравствените установи, контрола на финансиското работење на подрачната служба –акредитивни сметки и исплата на парични средства по доспеани обврски, контрола на уплатата на придонес за задолжително здравствено осигурување и издавање на сини картони, контрола на надомест на штета – регрес и повреда на работа или надвор од работа, контрола на ИЛ-1 обрасци, контрола на решенија за ослободување од учество (партиципација), контрола на решенија за повеќе уплатен придонес, тужби за неплатен придонес, стечај и ликвидација, контрола на исплатата на ПЗУ аптеки, број и структура на вработени во ФЗО ПС и здравствени установи кои ги покрива подрачната служба и контрола на правилна примена на општата управна постапка.

По извршените контроли на севкупното работење на подрачните служби се изготвува Извештај од извршена контрола кој се доставува до подрачната служба, а по доставен приговор/одговор во соодветниот временски рок се изготвува Конечен извештај кој се доставува до Директор на ФЗОМ, директори на сектори, раководител на ПС и раководител на одделението за внатрешна ревизија на ФЗОМ.

## 1. Извршени контроли

Во периодот 01.01. до 30.06.2013 година од страна на одделението за внатрешна контрола се извршени вкупно 14 контроли. Структурата по видови и нивната процентуалана застепеност е дадена во следната табела:

**Табела 1: Извршени контроли од страна на одделението за внатрешна контрола во 2013 година по видови**

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| Реден број | Вид на контрола | Број на извршени контроли |
|---|---|---|
| 1 | Контрола на севкупното работење на подрачната служба | 6 |
| 2 | Контрола на одделни сегменти од работата на подрачна служба | 1 |
| 3 | Контроли по барање на Директори,раководители на ПС и останати сектори на ФЗОМ | 1 |
| 4 | Контроли по претставки на осигуреници,ПЗУ и сл. (УПП) | 6 |
| 5 | Контроли заеднички со други одделенија при сектор контрола ( ЗУ, ПЗЗ, Специјалистичка и сл.) | 0 |

Директор на сектор контрола
М-р Саша Иванов

Изготвил: Д-р Јасминка Трајкоска Спасовска
Д-р Павлинка Папчева
Д-р Никола Ѓорѓиевски
Д-р Љубинка Анастасова
Контролирал: Д-р Ана Филиповска
Д-р Ана Митевска
Д-р Даниела Каркински
Согласен: Д-р Амела Цана